**Влада на Република Северна Македонија**

Дата: **11 март 2025 година**
Архивски број: **50-414/6**
До: **Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување на Законот за инвалидски организации, што го утврди на седницата, одржана на 11 март 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Дрита Аслани, државен советник во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**

Подготвил: м-р Љубомир Кукоски, советник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и<br><br>Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и<br><br>Дрита Аслани, државен советник во Министерството за социјална политика, демографија и млади |

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување на Законот за инвалидски организации

Скопје, март 2025 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Република Северна Македонија статусот и работата на инвалидските организации е уредено со Законот за инвалидски организации („Службен весник на Република Македонија" бр. 89/08, 59/12, 23/13, 150/15 и 27/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 317/20).

Со овој Предлог на закон се менува називот на Министерството за труд и социјална политика во Министерство за социјална политика, демографија и млади и на министерот за труд и социјална политика во министер за социјална политика, демографија и млади, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 121/24). Се врши усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 194/24).

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлогот на закон чие донесување се предлага, се заснова на истите начела на кои е заснован и основниот текст на Законот за инвалидски организации.

## III. ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување на Законот за инвалидски организации, не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Во Законот за инвалидски организации („Службен весник на Република Македонија" бр. 89/08, 59/12, 23/13, 150/15 и 27/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 317/20), во член 11 во ставовите 1 и 2 зборовите „труд и социјална политика" се заменуваат со зборовите „социјална политика, демографија и млади".

Член 2

Во член 13 во ставот 1 зборовите „труд и социјална политика" се заменуваат со зборовите „социјална политика, демографија и млади.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Комисијата од ставот 1 на овој член, ја формира министерот за социјална политика, демографија и млади во состав од три члена од кои еден член на Комисијата е на предлог на Националниот совет на инвалидските организации на Македонија од членот 26 од овој закон."

Член 3

Во член 14 во ставот 1 зборовите „труд и социјална политика" се заменуваат со зборовите „социјална политика, демографија и млади".

Во ставот 2 зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен" се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен".

Член 4

Во член 16 во ставовите 1 и 3 зборовите „труд и социјална политика" се заменуваат со зборовите „социјална политика, демографија и млади".

Член 5

Во член 21 во ставовите 1, 2 и 3 зборовите „труд и социјална политика" се заменуваат со зборовите „социјална политика, демографија и млади".

Член 6

Во член 25 во ставот 1 зборовите „труд и социјална политика" се заменуваат со зборовите „социјална политика, демографија и млади".

Член 7

Во член 26 во ставовите 2 и 3 зборовите „труд и социјална политика" се заменуваат со зборовите „социјална политика, демографија и млади".

Член 8

Во член 29 став 1 во алинеите 1 и 2 зборовите „труд и социјална политика" се заменуваат со зборовите „социјална политика, демографија и млади".

Член 9

Во член 32 ставот 2 се менува и гласи:

„Националните инвалидски организации доставуваат годишен извештај за работата со финансиски извештај до Националниот совет, а Националниот совет извештајот го доставува до Министерството за социјална политика, демографија и млади и донаторите на финансиските средства."

Член 10

Во член 35 ставот 2 се менува и гласи:

„Надзорот врз законитоста на работењето и исполнувањето на одредбите на овој закон и Законот за здруженија на граѓани и фондации над инвалидската организација, национална инвалидска организација и Националниот совет на инвалидските организации, го врши инспекциската служба при Министерството за социјална политика, демографија и млади, а надзорот на финансиското работење го вршат Министерството за финансии, Министерството за социјална политика, демографија и млади и Државниот ревизор за финансиско работење.“

Член 11

Во член 36 во ставот 3 зборовите „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „социјална политика, демографија и млади“.

Член 12

Во член 36-а во ставот 10 зборовите „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „социјална политика, демографија и млади“.

Член 13

Во член 36-б ставот 9 се менува и гласи:

„Министерот за социјална политика, демографија и млади ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата за изречените опомени.“

Член 14

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за инвалидски организации.

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со овој Предлог на закон се врши усогласување со Законот за организација и работа на органите на државната управа, така што се овозможува менување на називот на Министерство за социјална политика, демографија и млади и на министерот за социјална политика, демографија и млади.

Со членот 1 од Предлогот на закон за изменување на Законот за инвалидски организации, се врши изменување на називот на Министерството за труд и социјална политика во Министерство за социјална политика, демографија и млади и на министерот за труд и социјална политика во министер за социјална политика, демографија и млади.

Со член 2 се врши изменување на називот на Министерството за труд и социјална политика во Министерство за социјална политика, демографија и млади и на министерот за труд и социјална политика во министер за социјална политика, демографија и млади.

Со членот 3 се врши изменување на називот на Министерството за труд и социјална политика во Министерство за социјална политика, демографија и млади. Воедно, се врши усогласување на називот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 194/24).

Со членот 4 се врши изменување на називот на Министерството за труд и социјална политика во Министерство за социјална политика, демографија и млади.

Со член 5 се врши изменување на називот на Министерството за труд и социјална политика во Министерство за социјална политика, демографија и млади и на министерот за труд и социјална политика во министер за социјална политика, демографија и млади.

Со членовите 6, 7, 8, 9, 10 и 11 се врши изменување на називот на Министерството за труд и социјална политика во Министерство за социјална политика, демографија и млади.

Со членовите 12 и 13 се менува министерот за труд и социјална политика во министер за социјална политика, демографија и млади.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој Предлог на закон се меѓусебно поврзани и истите се однесуваат на иста правна работа.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Се врши усогласување со изменувањата и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 11

Постапка за доделување на статус на инвалидска организација Здружението или сојузот поднесуваат писмено барање за добивање на статус на инвалидска организација до Министерството за труд и социјална политика. Инвалидската организација е должна да се регистрира во централниот регистар на подрачјето каде што има седиште.

Член 13

Министерот за труд и социјална политика со решение одлучува за доделување на статус на инвалидска организација, врз основа на претходно мислење на Комисија. Комисијата од ставот 1 на овој член ја формира министерот во состав од три члена од кои еден член на Комисијата е на предлог на Националниот совет на инвалидските организации на Македонија од членот 26 на овој закон. Комисијата го изготвува мислењето за стекнување статус на инвалидска организација врз основа на разгледано барање и претходно прибавено мислење од Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност во Република Македонија и Националниот совет на инвалидските организации на Македонија.

Член 14

Престанување на статусот на инвалидска организација Министерот за труд и социјална политика со решение одлучува за престанување на статус на инвалидска организација, ако:

- инвалидската организација поднесе барање за престанување на статусо инвалидската организација не исполнува повеќе услови за добивање на статус на инвалидска организација според овој закон и Законот за здруженија на граѓани и фондации,
- инвалидската организација не дејствува во согласност со членот 3 од овој закон,
- доколку здружението или сојузот се избришани од регистарот на здруженија на граѓани и
- инвалидската организација истапила или била исклучена од инвалидската организација, која како сојуз на здруженија го добила статусот на инвалидска организација.

Против решението од членот 13 став 1 на овој закон и ставот 1 на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 16

Регистар на инвалидски организации Министерството за труд и социјална политика го води регистарот на инвалидските организации. Регистарот на инвалидските организации ги содржи следниве податоци:

- реден број на уписот,
- датум на уписот,
- име на инвалидската организација,
- седиште на инвалидската организација,
- лично име на претставникот на инвалидската организација,
- број и датум на одлуката за добивање на статус на инвалидска организација и
- датум на престанување на статусот на инвалидската организација.

Инвалидските организации се должни на Министерството за труд и социјална политика и Централниот регистар да му достават известување за промените на податоците кои се водат во регистарот на инвалидските организации, најдоцна 15 дена од денот на настанатите промени.

Член 21

За стекнување на статус на национална инвалидска организација, инвалидската организација поднесува писмено барање до Министерството за труд и социјална политика. Комисијата од членот 13 на овој закон е надлежна за признавање и престанок на статусот на националната инвалидска организација.

Член 25

Регистар на национални инвалидски организации Министерството за труд и социјална политика го води регистарот на националните инвалидски организации.

Регистарот на инвалидските организации ги содржи следниве податоци:

- реден број на уписот,

- датум на уписот,

- име на националната инвалидска организација,

- број и датум на одлуката за признавање на статус на национална инвалидска организација и

- датум на престанување на работата на национална инвалидска организација.

Националната инвалидска организација е должна до Централниот регистар на Република Македонија да му ги соопшти промените на сите податоци кои се водат во регистарот на националната инвалидска организација согласно со одредбите од Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Член 26

Национален совет на инвалидските организации на Македонија Националните инвалидски организации можат да се поврзат во Националниот совет на инвалидските организации на Македонија (во натамошниот текст: НСИОМ).

Националниот совет на инвалидските организации на Македонија се основа со спогодба меѓу националните инвалидски организации од ставот 1 на овој член, со која сразмерно се одредуваат задачите на НСИОМ меѓу поврзаните национални инвалидски организации. Спогодбата се доставува до Министерството за труд и социјална политика заради евидентирање во регистарот и истата се доставува до Централниот регистар на Република Македонија.

Во НСИОМ сите членки се рамноправни. Во НСИОМ може да се вклучи секоја национална инвалидска организација која го сака тоа и дејствува на национално ниво. НСИОМ е должен за сите промени да го извести Министерството за труд и социјална политика и Централниот регистар на Република Македонија согласно со одредбите од Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Член 29

Националните инвалидски организации се финансираат од:

- Буџетот на Република Македонија од средствата од игри на среќа согласно со одлука на Владата на Република Македонија за распределба на овие средства, за што доставуваат барање и програма до Министерството за труд и социјална политика за тековната година,
- Буџетот на Република Македонија врз основа на проекти со кои аплицираат на оглас што го распишува Министерството за труд и социјална политика и
- други извори утврдени со закон.

Националните инвалидски организации од средствата што ги добиваат согласно со ставот 1 алинеја 1 на овој член, ги финансираат инвалидските организации на општините кои се доброволно здружени во национална инвалидска организација.

Член 32

Годишниот извештај за работењето на инвалидската организација и националната инвалидска организација го разгледува и прифаќа надлежен орган на инвалидската организација. Инвалидската организација го доставува годишниот извештај за работата на организацијата, овластена за обработка и објавување на податоците, до последниот ден на февруари во тековната година, на правните и физичките лица кои ги обезбедуваат средствата на инвалидската организација, а потоа за употребата на тие средства инвалидската организација ја известува националната инвалидска организација и други надлежни органи. Националните инвалидски организации доставуваат годишен извештај за работата со финансиски извештај до Националниот совет, а Националниот совет извештајот го доставува до надлежното министерство и донаторите на финансиските средства.

Член 35

Надзор над законитоста на работењето Надзорот врз извршувањето на програмите и инвестициите можат да го извршуваат, покрај надлежните органи на организацијата, исто така и стручни органи кои се овластени од правните и физичките лица кои ги доделуваат средствата на инвалидската организација (спонзори, донатори и слично).

Надзорот врз законитоста на работењето и исполнувањето на одредбите на овој закон и Законот за здруженија на граѓани и фондации над инвалидската организација, национална инвалидска организација и Националниот совет на инвалидските организации го извршува Министерството за труд и социјална политика, а надзорот на финасиското работење го вршат Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика и Државниот ревизор за финансиско работење.

Член 36

Глоба Глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на инвалидска организација, национална инвалидска организација и Националниот совет на инвалидски организации, ако:

- презема активности со кои ги попречува целите на дејствување (членови 8, 19 и 27),
- не извести за промена на податоците (член 25), - не составува финансиска документација (член 31) и
- не доставува годишна програма и финансиски извештај (член 32). Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во инвалидската организација, националната инвалидска организација и Националниот совет на инвалидски организации за прекршоците од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службното лице во Министерството за труд и социјална политика доколку не постапи во рокот од членовите 13 став 1 и 21 став 3 од овој закон.

Член 36-а

За прекршоците утврдени во член 36 од овој закон, надлежниот инспектор, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка е должен на одговорното лице или од него овластено лице да му понуди постапка за порамнување со издавање прекршочен платен налог, согласно со законот за прекршоците

Кога сторителот на прекршокот е согласен со постапката за порамнување, инспекторот составува записник и му издава прекршочен платен налог на одговорното лице или од него овластено лице.

Записникот и платниот налог ги потпишуваат инспекторот и сторителот на прекршокот. По приемот на прекршочен платен налог сторителот е должен да ја плати глобата изречена во прекршочниот платен налог, во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог.

Записникот и прекршочниот платен налог го потпишува одговорното лице или од него овластено лице.

Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот 3 на овој член, ќе плати само половина од изречената глоба за кое право се поучува во правната поука.

Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од ставот 3 на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежен орган/

Во постапката за порамнување глобата во прекршочниот платен налог се изрекува во фиксен износ пропишан со закон, а ако глобата е пропишана во распон се изрекува минималниот пропишан износ за прекршокот.

Во постапката која ќе заврши со плаќање на прекршочен платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.

Доколку сторителот не се согласи да му биде издаден прекршочен платен налог, истото ќе се забележи во записникот за констатиран прекршок, а инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

Министерот за труд и социјална политика ги пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 36-б

При вршењето на инспекциски надзор, инспекторот со решение изрекува опомена и определува рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците, утврдени со записник.

По исклучок од ставот 1 на овој член, во случај кога инспекторот ќе оцени дека утврдените неправилности и недостатоци можат да предизвикаат или предизвикуваат непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето или финансиска штета или штета по имотот од поголема вредност или загрозување на животната средина или загрозување на јавниот интерес, со решение изрекува друга инспекциска мерка, како задолжување, наредба, забрана и друга мерка, со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор.

Доколку по истекот на рокот определен при изрекувањето на опомената од ставот 1 на овој член, инспекторот утврди дека неправилностите и недостатоците сè уште не се отстранети, со решение изрекува друга инспекциска мерка, како задолжување, наредба, забрана и друга мерка, со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор.

Решението од ставовите 1, 2 и 3 на овој член, се донесува веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на изготвувањето на записникот.

Кога при вршењето на инспекцискиот надзор не се утврдени неправилности и други повреди на закон или друг пропис или утврдените неправилности се отстранети во текот на вршењето на инспекцискиот надзор или во рокот утврден со решението од ставот 1 на овој член, инспекторот ја запира постапката со констатација во записникот.

По исклучок од ставовите 2 и 3 на овој член, инспекторот може да изрече инспекциска мерка со усно решение наведено во записникот.

Во случајот од ставот 6 на овој член, инспекторот е должен веднаш, а најдоцна во рокот утврден во ставот 4 на овој член, да донесе писмено решение за изрекување на

инспекциската мерка.

За прекршок за еден или повеќе стручни работници кои непосредно ги вршат работите и субјектите на надзорот ќе се изрече опомена ако прекршокот е сторен прв пат.

Министерот ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата за изречените опомени.